# Модул 3 – Спремен сум да го возам мојот велосипед

Тема: Годишно време и облека

*Оваа лекција се фокусира повеќе на изучување јазик одколку практични вештини, но секако има и учење низ игра и практични примери. Учениците се запознаваат со различни временски услови, и учат за соодветната облека и опрема за различни услови.*

## Содржина


**ОСНОВА** ........ Error! Bookmark not defined.

**ВОВЕД ПРЕД ЧАС** ........ Error! Bookmark not defined.

**1. ЗАГРЕВАЊЕ** ........ Error! Bookmark not defined.

**2. УЧЕЊЕ** ........ 4

**3. ИНТЕРАКЦИЈА** ........ 5

**4. ВЕЖБИ** ........ 7

**Додаток А: Пробни вежби** ........ Error! Bookmark not defined.

**Додаток Б: Мапа за облека и годишно време** ........ 17

**Додаток В: Вежби за ученици** ........ Error! Bookmark not defined.

**Додаток Г: Карти со годишно време и облека** ........ 24

# ОСНОВА

**Потребно време:** 1,5 – 2 часа

**Број на ученици:** Варира. Идеално 15-20.

**Потребен простор:** голема празна училница, ходник или сала за физичко. Доколку е можно, часот може да се одржи надвор.

**Наставници:** 1

**“Механичар”** (помошник на наставникот): 1

**Целна возраст:** 9-11

# ВОВЕД ПРЕД ЧАС

Одберете една страна од училницата за делот ИЗУЧУВАЊЕ. Спремете ги ПРОБНИТЕ ВЕЖби.

На едната страна од училницата, поставете два велосипеди на исто растојание од ѕидот. Поставете ги задните и предните светла и ѕвончето на соодветното место.

Подгответе два идентични купови облека и опрема, вклучувајќи:

- Шлемови
- Капи
- Марами
- Ракавици
- Маички
- Шорцеви
- Флуроесцентни елеци
- Шишиња со вода
- Наочари за сонце
- Мантили за дожд

Еден од куповите искористете го за демонстрација и другиот оставете го настрана за активноста “Спремен сум да го возам мојот велосипед”.

# 1. ЗАГРЕВАЊЕ

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Летај, вози го својот велосипед, пешачи, трчај** | Наставникот демонстрира различни “активни” зборови, на пр. ЛЕТАЈ, СКОКАЈ, ПЕШАЧИ, ВОЗИ ВЕЛОСИПЕД, АПЛАУДИРАЈ. Прашајте ги децата: “Што правам?” Нека одговорат и потоа нека имитираат.<br><br>Следно, дајте упатства:<br><br>“СИТЕ ЛЕТАЈТЕ” или “ВОЗЕТЕ ГО СВОЈОТ ВЕЛОСИПЕД”<br><br>Децата нека се движат низ просторијата спрема активноста. Ако е многу сложено, покажете им ги движењата. | 5 мин | Нема |

## 2. УЧЕЊЕ

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Годишно време и облека** | Бидете кај ѕидот за демонстрација и поделете ги мапите за учениците.<br><br>Прво наставникот зборува за годишното време, и ги прашува децата за тоа што им е познато.<br><br>Покажете кон сликата и кажете “Какво е времето?”<br><br>Прашајте ги и дали знаат за други временски услови.<br><br>Тогаш наставникот покажува кон мапата со облеки на ѕидот, и ги дели мапите на учениците. Потоа, за секои временски услови, прашајте ги децата што може да облечат ако врне, ако е топло, ладно итн.<br><br>Забелешка: Нека ги употребат точните зборови, како “пар шорцеви” и “пар ракавици” итн. | 20 мин | Пробни вежби Модул 3 (Додаток А)<br><br>Маркер за бела табла<br><br>Мапи за годишно време и облека (Додаток Б)<br><br>Пенкала за делење (може и да им кажете да понесат свои) |

## 3. ИНЕРАКЦИЈА

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Правење тимови** | Make the kids stand in a line, and give them different weather conditions: SUNNY, RAINY, DARK, COLD. Point to different corners of the room for each condition. | 5 мин | Нема |
| **Поврзување на годишно време со облека** | Тимови од по 4-5 ученици. На секој тим му е дадена карта со време и облека. Во играта треба да се поврзат облеките со соодветното време. Потоа учениците треба да објаснат на другите од одделението(или на наставникот) за нивниот избор. На пр. "Претопло е. Ми треба шишето со вода".<br><br>Забелешка: Најверојатно децата нема да зборуваат многу, затоа треба да им поставувате прашања и да ги поттикнете да зборуваат. | 10 мин | Карти со време и облека (Додаток Г) |

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **“Гардероба” за велосипед** | Поставете ги двата велосипеди на една страна од училницата, со еден куп облека пред секојод нив посебно. На другата страна, подредете ги децата во две редици.<br><br>Прво, ПОКАЖЕТЕ ИМ ЈА ИГРАТА заедно со механичарот: Наставникот кажува за кое годишно време станува збор, на пример “Ладно е!”. Потоа, наставникот и механичарот заедно трчаат до велосипедите и ја одбираат соодветната облека. Кога ќе се облечаат соодветно, ѕвонат со ѕвончето и извикуваат:<br><br>“Спремен сум да го возам мојот велосипед!”<br><br>Забелешка: Децата не може да “победат” се додека не ја кажат гласно истата реченица. Потоа наставникот проверува дали сите ја имаат соодветната облека, додека ги повторува зборовите и времињата пред одделението. Пр. “Франческо носи капа и марама бидејќи е ладно!<br><br>АЛТЕРНАТИВА: Ако вежбата изгледа многу комплицирано, децата може да се групираат во парови, кадешто еден е велосипедист, а другиот му помага да се облече. | 20 мин | 2 x Велосипеди<br>2 x мантили за дожд<br>2 x (пара) наочари за сонце<br>2 x шишиња со вода<br>2 x флуоресцентни елеци<br>2 x (пара) ракавици<br>2 x марами<br>2 x капи<br>2 x (пара) шорцеви<br>2 x маички<br>2 x шлемови<br>2 x предни светла<br>2 x задни светла<br>2 x ѕвончиња |

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Каде е шлемот?** | Поставете ги двата велосипеди во средина на училницата.<br><br>Земете еден шлем и демонстрирајте различни позиции според двата велосипеди. Запишете ги предложените позиции на голем лист на ѕидот за да им олесните на децата.<br><br>Подредете ги децата во еден ред, и дајте го шлемот на првото дете од редот. Потоа кажете нешто и оставете го/ја да го намести шлемот на правилната позиција.<br><br>ПР:<br>Шлемот е ДО велосипедот<br>Шлемот е ПОЗАДИ велосипедот<br>Шлемот е ПОМЕЃУ велосипедите<br>Шлемот е ПРЕД велосипедот<br>Шлемот е ВРЗ / ПОД велосипедот | 10 мин | 2 x Велосипеди<br>1 x Шлем |

## 4. ВЕЖБИ

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Вежби за ученици** | Поделете ги вежбите. Наставникот ги разјаснува вежбите, и ако остане време децата продолжуваат. Во спротивност оставете на наставникот да ги распредели подоцна, или вие поделете им ги на децата заедно со Велосипедските мапи. | | Вежби (Додаток B)<br><br>Пенкала за разделување |

# Додаток А:
# Пробни вежби

Овие пробни вежби може да се испринтаат во А4, и потоа измешани да се поставаат на ѕидот за пробни вежби.

По пробните вежби, клучни зборови се претставени и објаснети.

СОВЕТ: Ако сакате да ги користите пробните вежби за повеќе од еден час, може да ги пластифицирате страниците и да користите маркер за бела табла.

Erasmus+















Erasmus+












Erasmus+

















Erasmus+



Sunny



Hot



Rainy



Cloudy



Dark



Stormy



Cold



Windy



Water bottle



(a pair of) Sunglasses



T-shirt



(a pair of) shorts



Reflex vest



Lights (front light and rear light)



Helmet



Raincoat



(a pair of) gloves



Hat



Scarf

# Додаток Б: Облеки за учениците и мапа за време

























Erasmus+

# Додаток В:
# Вежби за ученици

## Вежби 3 – Дали си спремен да го возиш својот велосипед?

*Точно или погрешно? Заокружи ја точната слика од семафор.*

Кога е **темно,** ги ставам **наочарите за сонце.**



Right Wrong

Кога е **топло**, ги ставам моите **ракавици**



Right Wrong

Кogа е **ладно,** ја ставам својата **марама**



Right Wrong

Кога **врне**, го носам својот **мантил за дожд**



Right Wrong

Јас **секогаш** морам да носам **шлем**



Right Wrong

*Одбери соодветна облека за Том и Лиса.*

Ова е Том. Тој ќе го вози својот велосипед. Денес времето е **сон чево** и **топло.**







Том носи маичка и еден пар ___________________. Тој си носи вода

___________ и ги става неговите

_____наочари. Тој е подготвен да го вози својот велосипед!

Ова е Лиса. Таа ќе го вози нејзиниот велосипед. Денес времето е **врнежливо** и **ладно.**







Таа ја става својата марама, нејзините __________ и нејзините

___________.

Таа е подготвена да го вози нејзиниот велосипед!

*Каде е велосипедот?*

Erasmus+

Велосипедот е ___________________________ колата.



Велосипедот е_________________________ колата.



Велосипедот е ___________________________ колата.



Велосипедот е ___________________________колите.



*Какво е времето денес?*





Врнежливо

Наоблачено

Ветровито Бурно

Ладно Сончево







# Додаток Г: Време и карти со облека

Да се испечатат на 4 разнобојни листови хартија, по можност да се пластифицираат за да траат подолго.

Erasmus+

















Erasmus+







Наоблачено

Врнежливо

Сончево

Топло

Ладно

Erasmus+